СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 јули 1993 година

Скопје, јули 1993 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 63-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 6.VII.1993 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 1
2. АРСОВ ДРАГИ - 2
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 24, 27
4. АБДИ ФАИК - 29
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 7, 9
6. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 12
7. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 21
8. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 31
9. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 20
10. СПИРОВСКИ ИГОР – 35 (прозива пратеници)
11. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 9
12. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 34

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 јули 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, нека се известат сите комисии кои работат да прекинат со работа и пратениците да дојдат во салата овде да ја продолжиме работата.

Нака службите дадат точен број на присутни пратеници. Продолжуваме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Љупчо Поповски, Димитар Поповски, Наќе Стојановски, Душан Трпчевски Насер Зибери, Јордан Зафиров и Благој Ханџиски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници од Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Минуваме на **точка 1** - Избор на член на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за односи со странство и Предлог за разрешување потпретседател на Владата на Република Македонија Стево Црвенковски.

Предлогот на претседателот на Владата ви е доставен.

I/2/пј/см

Собранието избира министри со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Господин Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што оваа Влада е коалициона Влада и точно се знае односот на силите во Парламентот, молам 30 минути пауза заради консултација во пратеничката група

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, пола час пауза.

(По паузата).

Продолжуваме со претресот.

Молам, кој бара збор?

Господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, сметам дека е потребно претседателот на Владата на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски да даде извештај кога станува збор за разрешување на одделни членови на Владата или за именување на некој член на Владата. Овој пат немаме образложение, ниту усна, ниту писмена, ниту пак имаме некаква согласност од господинот Стево Црвенковски, кој не го ни гледам овде дека е присутен во салата на Собранието за да од него непосредно чуеме за причините дека прифаќа разрешување од една страна и именување на друга функција. Немавме прилика да чуеме како што реков, негово лично изјаснување за тоа, ниту пак да ги чуеме неговите лични погледи за функцијата што треба да ја врши. Лично сметам дека е

прифатливо неговото разрешување од функцијата потпретседател, но не и негово назначување. Во овој момент мислам дека се прави обид свесно и намерно да се дискредитира Собранието без доставување на оценка за досегашната работа на господинот Стево Црвенковски, со оглед на мотивите, условите и времето кога се прави ваквата измена. Имено, според мене неприфатливи се тврдењата и оценките на партијата на реформските сили, сега Либерална партија, а според која господинот Стево Црвенковски наводно одлично ја врши работата зад кои стојат, под наводници голем број резултати во надворешната политика и заради тоа најдобро е да и се посвети на министерската функција. Ова соопштение на Либералната партија е објавено на 22 јуни годинава. Според моја лична оценка состојбите се сосема поинакви. Да ве потсетам дека од сето ветено ништо не е остварено. Од 8 април до 6 јули односно до денешен ден се навршуваат речиси 3,а не 2 месеци откако Република Македонија беше примена односно зачленета во ОН под привременото име Бивша Југословенска Република Македонија и тоа име остана како што гледаме не 2 месеца, туку остана и повеќе, 3 месеци, а сметам дека ќе остане и понатаму. Според изјавата на вршителот на должноста министер за односи со странство г-дин Стево Црвенковски, а и тоа го изјави и претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров ова привремено име требаше да остане само 2 месеца, а како што реков еве поминаа повеќе месеци, а прашањето со името и натаму остана отворено прашање,а мислам како такво и натаму ќе биде присутно. Нема ништо и од она што значи странска економска помош што овде се најавуваше дека ќе пристигне и ќе почне нов пресврт на тој план во Република Македонија. Нема официјални меѓудржавни

разговори меѓу Грција и Македонија за спорните прашања. Наводно нешто се најавува дека на тој план ќе почнат некои разговори, кои според мене се и натаму се под голем знак прашалник. Зарем тоа се позитивните оценки што ни ги нуди во соопштението Либералната партија за господинот Стево Црвенковски. Според мене таквите оценки не го оправдуваат она што го предлага Либералната партија за господинот Стево Црвенковски да ја врши функцијата, таквата функција што претставува значајна за Република Македонија, а тоа е да го води ресорот за надворешна политика.

Дали со назначувањето на господин Стево Црвенковски ќе се успее тоа што се бара, Владата на Република Македонија, пред се, мобилизаторски да настапува на надворешен план, според мене тоа е неизвесно прашање, затоа што господинот Стево Црвенковски не покажа никаква мобилизациска способност ни на внатрешен план. Како потпретседател кој требаше да ги мобилизира сите ресорни министерства задолжена за политичкиот систем и општествените дејности со цел да се создаде таква клима која ќе му овозможи да се остварат успешни резултати на овој план, односно да се решат кризните прашања во сферата на политичкиот систем и општествените дејности. Тоа е една од за^белешките.

Втората забелешка за г-дин Стево Црвенковски секако е неговото однесување и истапување во јавноста со што предизвика негативни коментари во однос на името, знамето, Уставот. Нема позитивни резултати на тој план, а посебно негативни резултати како што видовме има и во однос на постапката за приемот на Република Македонија во ЌЕБС. Дали за таквата криза за која слушаме дека постои не произлезе од кризата во Владата со коалициониот партнер,а тоа е ПДП-НДП, затоа што ние видовме како се однесува тој коалиционен партнер кога станува

збор за приемот на Република Македонија во КЕБС, видовме дека коалиционите партнери ги повлекоа своите потписи во барањето за приемот на Република Македонија во оваа значајна меѓународна организација, тоа секако негативно се одрази и врз успехот на Владата и исто така и врз успехот на господинот Стево Црвенковски на сферата на ресорот што го вршеше и на активностите на меѓународен план.

За именувањето на новата должност на г-дин Стево г Црвенковски неопходно е не само тој лично да се изјасни за тоа каква концепција има во однос на надворешната политика, туку исто така тој треба да даде и една своја оценка за неговите погледи за меѓународните промени и за меѓународната ситуација во која што се наоѓа Република Македонија, во ситуација кога сакаме да направиме пробив на светската сцена и да обезбедиме меѓународно признавање. За нас интересно е и прашањето" за неговиот однос спрема положбата на Министерството во организациона смисла од една страна и работата на тоа министерство во едни изменети услови кога треба Македонија да направи пробив на меѓународен план.

Овде ќе треба навистина да го дадеме одговорот зошто сеуште е празен просторот што го заземаше Бивша Југославија и поранешната федерација на меѓународен план. Затоа што тој простор и натаму од страна на оваа Влада и од страна на Министерството ништо не е направено за да биде потполнет. Проблемот не е само персонален според мене, не е само врзан со личноста на господинот Стево Црвенковски, туку тоа е проблем и владин сврзан со пакет законите што требаше да ги понуди Владата. Проблемот е и организационен. Имено, министерот и Владата должни се нешто повеќе да ни кажат зошто досега

не се изготвени законите од областа на меѓународните односи, кои се трајна основа за вршењето на работите во надворешната политика. Без тие закони не можеме да зборуваме за промени, бидејќи се темелат на самостојноста и сувереноста на секоја држава, па тие се темелат и на нашата држава. Без законот за надворешни работи ние не можеме да зборуваме за остварување на надворешната политика, за структурата, за задачите и делокругот на претставништвата на Република Македонија во странство, класификацијата, задачите, правата и обврските на вработените во службите за надворешни работи итн. Правна регулатива е неминовна за следење на развојот на надворешната политика на Република Македонија, а ние ја немаме. Немаме закон за склучување и извршување на меѓународни договори со кои се одредуваат надлежностите и постапката за водење на преговори, склучување на меѓународни договори, нивно признавање и остварување. Единствен исклучок е само законите и тоа двата закони, што неодамна ги усвоивме во ова Собрание, а тоа е законот за надворешно - трговско работење и Законот за странски вложувања. Но, иако тие закони ние ги донесовме, тие се неприменливи без другите закони, кои што треба да бидат содржина на целокупниот закон,, на целокупниот пакет закони од оваа сфера.

На крајот што на европската јавност г-дин Стево Црвенковски не и кажа. Тој не и кажа за вистинските причини зошто Република Македонија го крши ембаргото спрема Сојузна Република Југославија. Тој зборува за некакви санкции, за некакви штети што ги трпи Република Македонија и со тоа врши притисок за некаква помош што требаше да ја добие Република Македонија од меѓународната заедница. Меѓутоа, тој не кажа дека оваа Влада врз основа на резолуцијата 757, која е донесена на 30

мај 1992 година, па до денес, односно до јули до минатиот месец пред неколку дена кога Владата донесе посебни одлуки со кои одлуки таа овозможи да се забранува со одредени мерки да се овозможи забраната на оние што дозволуваат непочитување на таа одлука, односно со тие мерки да ги обврзи за да не можат да го кршат ембаргото спрема така наречената СР Југославија. Тоа господинот Стево Црвенковски не го кажа на европската јавност, иако таа европска јавност добро знае, а тоа го објави и извештајот н

ОН дека околу 1700 камиони и 50 железнички композиции секоја недела го кршат трговското ембарго на ОН спрема т.н. СР Југославија. Овој извештај е објавен на 17 јуни 1993 година.

Постои нелегален сообраќај што не може да се спречи, бидејќи нема наредба на Владата на Македонија. Незнам колку и ова наредба ќе може да се почитува. Тоа не е кажано на меѓународната јавност. Од тие причини сметам дека ние не можеме да го прифатиме ваквиот предлог на Владата за именување на г-дин Стево Црвенковски на должноста министер за односи со странство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Голубовски бара збор.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Оваа е една од оние можности кога во Парламентот можеме да потсетиме на вистината дека Македонија немаше среќа со своите влади, за првата сами се изјаснивме и пресудивме овде во Парламентот. За втората сметам дека нема ниеден разумен човек што нема да се случи дека е влада на политичка немоќ и дека е Влада на политичко

идеолошки компромиси, што не е добро. Само на изглед изгледа дека оваа реконструкција произлегува од меѓупартиски договор. Таа формално само изгледа така, но во основа се работи за резултатите на длабоки уцени и подметнувања политички меѓу коалиционите партнери што може сите да не загрижува, заради тоа што однапред можеме и да предвидеме како ефикасно ќе работи Владата. Сега е сосема 5асно дека поранешниот министер за односи со странство не даде оставка заради вербалните дуели овде во Парламентот, туку се работи на влијание на старите центри на моќ и стварањето на нови цент]6и. Не може, а да не бидеме загрижени од фактот дека ова е најава, дека владеачката коалиција одлучи под многу нестабилни услови да опстојува цел мандат со понатамошни можности отворени за нови барања меѓу коалиционите партнери и широко отворен простор за отстапки меѓу коалиционите партнери, што во краен резултат ќе има негативни импликации по општите состојби во Републиката.

Јас не би навлегувал во оценување на индивидуалните способности на луѓето кои што треба денес да ги заземат соодветните ресори, туку сакав само да укажам на она што ги дефинира состојбите моментално во македонската влада и на просторот што во ваквите политички игри на владино ниво, а се со цел за политичко подместување за новите избори. Впрочем, ние имавме и изјава претходно, пред да се конституира оваа Влада дека дел од коалиционите партнери и затоа влегуваат во конципирање на Владата пред се, за да ги подготват изборите. Јас само можам, свесен за тоа дека овој предлог и така и онака ќе пројде, бидејќи си има обезбедено мнозинство да побарам од владеачката коалиција минимум чесност тие да ја признаат немоќта да владеат во Македонија и да ги распишат конечно предвремените избори, бидејќи клучот на предвремените избори исклучиво го држи владеачката коалиција.

II/1 лп/вц

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (продолжение)

На крајот само да констатирам загриженост дека на ваков начин под налетот на агресивните и нереални амбиции на еден од коалиционите партнери во случајот на Либералната партија влегуваме во една ситуација на политички ќорсокак и на крајна неизвесност во време кога е многу неопходно токму спротивно да имаме колку толку постабилна влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Бранко Црвенковски, претседател на Владата на Република Македонија.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, се јавив за збор од две причини. Првата причина е што чувствувам потреба, со оглед на тоа дека јас сум предлагач на конкретните решенија што се предмет на првата и втората точка од нивниот ред што денес ќе се разгледува, а втората причина што бев и по име и презиме спомнат дека би требало да го искажам својот став.

Се разбира, за мене е сосема разбирливо по секоја точка, и легитимно, по секоја точка која ќе биде на дневен ред во Собранието да се расправа и да се отвори расправа и дискусија. Меѓутоа, она што по малку ме загрижува е што многу често или најчесто дискутираме за нешто друго, а не за она што е на дневен ред. Имено, следејќи ги двете претходни дискусии можеше човек кој што не е упатен или не знае што е на дневен ред да заклучи дека предмет на расправа е да речеме доверба на Владата, па тогаш има логика да се прават анализи, психо анализи на коалициони односи, стабилност - нестабилност, функционирање или не функционирање на Владата или е на дневен ред

надворешната политика на Република Македонија па тогаш се разбира можеме исто така некои од оние прашања кои беа претходно споменати да ги дискутираме, да ги спротивставуваме аргументите итн. Меѓутоа, не верувам дека изборот на министер за надворешни работи и на потпретседател за политички систем во Владата на Република Македонија може да биде повод и мотив за вакви дискусии какви што беа пред малку искажани.

Неприкосновено е правото на Парламентот да прифаќа или да не прифаќа предлози кои ќе бидат дадени. Тоа може да се верифицира со бројот на гласовите кои ќе бидат за или против. Меѓутоа, неприкосновено е правото на премиерот да дава предлози за состав на Владата, вие можете да ги одбиете или не, меѓутоа не можете да ја земете улогата на претседател на Владата. Тоа е ми се чини едно јасно уставно разграничување и тоа треба да се респектира. Овде не се работи за конкурс 'за прием на некое работно место каде што сите кандидати треба меѓу другото во конкурсните услови да предложат и свои програми, видувања и концепции, како ќе ги реализираат работите од таа сфера бидејќи овде беше споменато дека е нужно кандидатот, на пример за министер за надворешни работи да ги даде своите видувања и визии како ќе работи во наредниот период. Едноставно овде се работи за избор на министер за надворешни работи, што се знае по која вообичаена процедура ќе оди.

Овде беше споменато дека е нужно тука да биде кандидатот за да каже дали се согласува или не се согласува. Тоа е ризик што премиерот кога го дава предлогот го зема на себе и претпоставка е дека претходно ги обавил сите претходни разговори и знае дали предложениот кандидат се согласува или не се согласува. И најмалку што мислам е оваа или

овие точки дека можат да бидат повод за користење на лаги или полувистини за да се компромитира сопствената држава. Мислам дека не би требало никаква точка и ниедна седница на Парламентот да биде користена за тоа, а најмалку може да се говори дека е ова повод за една таква расправа и за такви работи кои што беа изразени овде, на некој начин да се земе улогата на денунцијант на сопствената држава, при што ќе се користат сомнителни аргументи или полувистини.

Овде беше кажано дека Република Македонија има доста несреќи со своите влади, што можеме се разбира да ја дискутираме како теза дали држи или не држи. Веројатно можеме и да ја прошириме дека Република Македонија има доста голема несреќа со партиите што се создадоа на нејзиното политичко тло или шаренилото на партиите и програмските ориентации и опции кои овде се нудат. Меѓутоа, тоа е прашање на кое треба граѓаните на Република Македонија да дадат одговор и се разбира нема друг начин освен низ една изборна процедура или нови избори. Нивно е легитимно и неприкосновено право да кажат што поддржуваат и во која мерка поддржуваат.

Се работи за прва политичка коалициона влада, се разбира, тука до крај се обидувам во целиот тој период да ги респектирам предлозите на политичките партии и кои учествуваат во таа Влада и се разбира врз основа на нивните предлози и врз основа на сопственото согледување го давам овој предлог, сметајќи дека тоа е најсоодветен предлог и дека ќе добиеме личности и на двете места во Владата кои сосема коректно ќе ги обавуваат своите функции и во рамките на своите овластувања и ингеренции. Тоа е мојот став како предлагач на овие точки. Се разбира Собранието може да ги прифати или да не ги прифати. Јас се надевам. дека ќе ги прифати со оглед на фактот дека многу повеќе аргументи одат

во прилог на тоа отколку спротивно на тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Љупчо Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Како што кажа премиерот на Владата негово лично право Е кои кандидати за членови на Владата односно министри на Владата ќе ги предлага самиот тој. Во таа смисла, јас само можам да кажам како член на опозицијата, како дел од опозицијата само можам да бидам радосен што такви личности тој предлага и понатаму, како едни од главните адути за нивната влада, и покрај тоа што од партиски интереси можам да бидам задоволен, за жал од државни не можам да бидам задоволен и како што рече самиот тој како што тој има право да ги предлага кандидатите, исто така и секој од пратениците во овој Парламент"има право исто така да каже свое мислеше. Тоа е практично уставно загарантирано право и оттука сметам дека е најмалку потребно да се делат лекции кои што има права и на кој начин тоа да го прави. Сметам дека за овие три години доста доволно се упативме во овие работи, посебно во работата на Парламентот. Тоа е првиот дел.

Што се однесува за изборот на господинот Стево Црвенковски што е предложен за министер за надворешни работи на Република Македонија, јас можам да кажам дека моето лично убедување е дека Македонија не треба да има таков министер за надворешни работи, а во тоа сметам дека ме потврдија и самите коалициони партнери кои еве гледаме, самиот факт дека двапати се одложува изборот на овие двајца нови членови на македонската Влада, самиот факт што ние еве едно цело претпладне изгубивме овде како пратеници во македонскиот

Парламент, чекајќи повторно да се договорат коалиционите партнери што да прават, како да прават, кои додатни отстапки да се постигнат, кои да се додадат, кои да се одземат, која партија што да добие, што да одземе, на што бевме сведоци неколку часа пред ова ново закажување на оваа седница, зборува и многу јасно кажува дека и самите коалициони партнери немаат доволно расчистено дали да гласаат и на кој начин да се согласат околу овие две нови личности кои денес ни се нудат за гласање пред македонскиот  парламент. Самиот тој факт најдобро зборува дека нешто не е в ред или со коалицијата како коалиција или пак со личностите кои се предлагаат денес на дневен ред да бидат изгласани.

Во контекст на господинот Стево Црвенковски сметам дека има навистина простор за кој што може да се разговара за неговата досегашна работа од едноставна причина што тој беше повеќе месеци потпретседател на македонската влада, а ако не се лажам повеќе од три месеци веќе ја врши функцијата министер ^а надворешни работи на Република Македонија за која треба сега и формално да биде изгласан. Значи не се работи за некој човек кој сега прв пат се бира, туку се работи за човек кој има политичка активност токму на функцијата министер за надворешни работи повеќе од три месеци.

Во таа смисла јас ќе почнам од еден момент поради кои господинот Стево Црвенковски беше награден да стане министер за надворешни работи на Република Македонија. Тоа беше моментот кога при една дискусија овде во македонскиот Парламент за надворешната политика на Република Македонија господинот Црвенковски излезе пред овој Парламент и наброи некои осум тези со кои осум тези на доста инспиративен начин се трудеше да докаже дека грчката политика и политиката на ВМРО-ДПМНЕ се едно исто односно дека на еден начин

политиката на ВМРО-ДПМНЕ е практично политика на уфлени агенти од страна на Грција и на докажување на се она што го кажува Грција. Јас само ќе потсетам, тогаш немаше многу реплики на таа негова дискусија, меѓутоа, десетина дена после тој него говор пред македонскиот Парламент, за што беше награден да биде министер за надворешни работи самиот тој докажа дека тој е најголемиот спроводител на грчката политика во Република Македонија. Практично, десетина дена после исфрлањето на тие негови осум тези овде во македонскиот Парламент тој ги прифати сите услови што ги побара Грција, сите услови на што се спротив- ставуваше пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и сите услови што ја доведоа Македонија во крајно безизлезна состојба на меѓународен план во потполна политичка и економска меѓународна изолација на Република Македонија. Тоа е само оној момент на кој сакам да ве потсетам за оној говор познат на господинот Црвенковски од осумте тези, за кои самиот тој после" докажа дека осумте тези тој најдобро ги спроведе во Република Македонија.

Сега, кога зборуваме за таа тромесечна политика на господинот Црвенковски како министер за надворешни работи на Република Македонија кој практично ја извршува таа функција не може а да не потсетам само на неколку елементи. За жал, во сите држави кога некој човек ќе направи некоја вина, кога ќе ја доведе државата во незгодна состојба или ќе почувствува одговорност за тоа, тој си оставка и заминува од власт. Единствено очигледно дека Македонија е последната држава на парадокси каде што луѓето за својата одговорност за своите грешки, за својата вина се наградуваат. Најкласичен пример е примерот на господинот Црвенковски. Господинот Црвенковски беше човекот кој заедно со господинот Глигоров ја дадоа согласноста за името Бивша југословенска Република Македонија и ние веќе три месеци се наоѓаме

со променето име на нашата држава. Тој истиот човек беше човек кој даде согласност при знамето на ОН да не се вее македонското знаме и уште неколку отстапки што беа направени со тоа. Се поставува прашањето што е тоа што треба сега ние да направиме, да го наградиме тој чин на господинот Црвенковски или да го казниме тој чин. За жал, очигледно како што ни предлага овде господинот премиер испаѓа дека ние треба да го наградиме тој чин со уште една поголема, нели, награда. Кога зборуваме за таа политика на тромесечно водење на надворешната политика на господинот Црвенковски, не може а да не се спомнат уште неколку моменти.

Првиот момент, ни беше ветено дека со влегувањето во ОН Македонија ќе отпочне директни разговори меѓу Република Грција и Република Македонија, Ние гледаме дека три месеци, господинот Црвенковски можеби не ги блокира тој, можеби блокадите се од друга страна, меѓутоа затоа нека господинот Црвенковски и го кажа тоа на македонската јавност. Јас вака како човек кој нема доволно информации можам само да кажам дека повеќе од очигледно испаѓа дека господинот Црвенковски или некој друг во таа Влада ги блокира тие директни разговори со Република Грција, . кои нам, на сите нас ни беа ветени. И факт е дека еве за два дена се наполнуваат три месеци, немаме никакви директни разговори.

Втората работа: ветувањето кое беше дадено од страна и на претседателот Глигоров и од страна на претседателот Црвенковски дека после два месеци Република Македонија ќе го врати своето уставно име и ние ќе ја доживееме победата. Еве за два дена се полнат три месеци, нема ни трага ни глас од тоа ветување што му беше дадено на македонскиот народ за враќањето на уставното име.

II/8

Нов елемент во целата таа работа: за цело време се праватнекакви договори, разговори, се нудат некакви документи, за сите тие работи ние имаме правилно информирана грчка јавност, можеби и лажно, меѓутоа, имаме некакви информации и ние повторно сите тие информации ги добиваме преку дописникот на Нова Македонија во Атина за македонската јавност. За сето тоа време нема ниту една директна изјава од тој министер за надворешни работи да ни каже на сите нас како пратеници, како граѓани на Република Македонија што е таа политика што тој ја спроведува во разговорите, на индиректен начин со преговарачите, со генералниот секретар на ОН во тие задкулисни разговори со Грција. Како тоа може министерот за надворешни работи на Грција постојано да ја информира својата јавност а ние од страна на нашиот министер за надворешни работи да немаме буквално никаква информација. Јас само ќе ве потсетам дека една од најголемите одговорности на демократијата е правото на јавно информирање. Ние до ден денес имаме класичен пример како министерот за надворешни работи господинот Црвенковски ја дезинформира македонската јавност, не само нас како пратеници, туку и средствата за јавно информирање, целото граѓанство на РМ со не давање и со блокади на ВИСТИНСКЈ? информации за сето она што се преговара. Тоа е исто така еден од елементите и кога зборуваме за целиот тој момент околу работата околу ОН, а што ние неколку пати го поставувавме и зошто јас ќе бидам слободен да речам дека господинот Црвенковски ја блокира меѓународната политика на РМ е класичниот пример: три месеци се полнат од приемот на Македонија под името БЈРМ во ОН, Македонија после три месеци сеуште нема амбасадор назначен во ОН. Јас навистина очекував да биде господинот Црвенковски присутен да ни објасни, а тоа може исто така да го направи господинот премиер, се надевам дека тој има сознанија, зошто Република Македонија три месеци после приемот во ОН сеуште нема назначено амбасадор на

Република Македонија во ОН. Дали е тоа повторно нова лага, дали е повторно тоа некоја интрига и повторно се работи за некој таен пакет договор меѓу Република Македонија и Република Грција. Јас само ќе ве потсетам господа дека навистина е крајно неодговорно македонската јавност да нема одговор на прашањето зошто Република Македонија, сеуште нема под министерството на господинот Стево Црвенковски, амбасадор на Република Македонија во ОН. И токму тоа ни зборува дека се работи за една класична блокада на целата надворешна политика. Тоа е оној елемент што директно се води во ОН, директно во разговорите за што поскоро тотално меѓународно признавање на Република Македонија.

Кога зборуваме за целиот тој контекст прашања неможам а да не го спомнам уште фактот, а за кој пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ односно дел од пратениците поднесоа пред неколку дена барање за вонредна седница. За овој период од три месеци додека е господинот Црвенковски, министер, односно го води Министерството за надворешни работи на Република Македонија, Македонија е два пати блокирана во приемот во ЌЕБС во рок од два месеци и двата пати директно учествуваше Министерството за надворешни работи во акцијата за прием, учествуваше Владата, а ние бевме сведоци на една парадоксална состојба. Од една страна Владата, односно дел од Владата да се залага за прием на Република Македонија во ЌЕБС а од друга страна имавме дел на таа македонска Влада односно делот на коалициониот партнер ПДП-НДП да се спротивставува на тој прием на Република Македонија во ЌЕБС. Јас се надевам дека и пратениците токму од тие партии крајно време е да го кажат својот став зошто толку директно ја блокираат Република Македонија во нејзиниот прием во меѓународни институции. Меѓутоа, бидејќи денес е зборот за господинот

Црвенковски, ние не можеме денес него да го ослободиме од таа негова активност, бидејќи и тој за сето време беше министер за надворешни работи на Република Македонија во акцијата за прием на Република Македонија во ЌЕБС. Од друга страна зад него стоеја коалиционите партнери и мене ми е просто несфатливо тоа е гуросто еден циркус кој ретко може да и се случи на било која држава, самата Влада да го блокира приемот на Република Македонија во ЌЕБС. (Тоа е уште едно прашање сега кои се тие коалициони партнери што ќе застанат зад овој човек и која е нивната цел, дали е целта затоа што тој човек многу успешно ги извршува задачите што му се дадени, а тоа е потполно да Ја блокира меѓународната политика на Република Македонија и активноста односно влегувањето на Македонија во сите европски и светски организации. Тоа е за жал, логиката која ние денес ја имаме, тоа е логиката на коалицијата која ќе стои денес зад тој човек и заради неговите успешни резултати досега ќе му даде уште една награда, а тоа е формално да го назначи за министер за надворешни работи. Јас можам само да кажам за она што го направи господинот Црвенковски за овие негови три месеци од водењето на секторот - Министерство за надворешни работи, во секоја нормална држава, досега ќе° си заминеше или со оставка или ќе си заминеше како одговорност за она што го направи. Само Република Македонија и понатаму останува земја на парадоксите, во која виновниците се казнуваат со уште поголеми награди. Тоа е она што можев да го кажам за господинот Црвенковски.

На крајот само да додадам , неговата политичка активност што ја направи за овие три месеци не и ветува на Македонија никаква гаранција дека Македонија ќе има некаква поофанзивна надворешна политика, дека некаква поактивна надворешна политика ќе се води, а да не зборуваме дека ќе стане збор за некаква поинвентивна или повеќе идејна

политика во надворешниот свет. Апсолутно и понатаму ќе имаме една статична политичка фигура која ќе преговара некаде зад некои завеси, и понатаму ќе немаме никакви информации за сите нас и во Парламентот и во македонската јавност и едноставно и понатаму ќе имаме одржување на коалицијата само заради одржување на коалицијата без никаква политичка или економска или партиска програма.

Благодарам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, не би сакал да навлегувам во персоналните комбинаторики на владеачката коалиција, всушност тоа е нивно право, право на секој што владее, тоа е мое лично мислење, да си предлага луѓе кои што мисли дека се најспособни, кои што ќе би бранат нивните интереси. Сепак, во врска со изборот за Министер за надворешни работи сакам да кажам неколку мои видувања, односно да образложам зошто ќе гласам против ова именување

Сметам дека мораме во нашата демократска јавност да градиме институција на одговорност на јавно кажаниот збор, а уште по- веќе на јавно кажаното ветување. Факт е дека сме сведоци, целата наша јавност и ние како пратеници па и најшироката јавност бевме известени дека Македонија ќе биде примена во 00Н како Бивша Југословенска Република Македонија и дека тоа е привремено име кое ќе трае само два месеци. Тоа го ветија и претседателот на Републиката и Министерот за надворешни работи. Со оглед на тоа што поминаа веќе три месеци сметам дека, а не се гледа до кога~ќе трае оваа бариера за Македонија, кое за мене е еден вид понижување за целиот македонски народ, сметам дека со оглед на јавното ветување тоа е еден голем аргумент за мене поради кој ќе бидам против овој избор.

Понатаму, бидејќи после изборите господата од владеачката коалиција цело време се залагаа за компетенција и стручност на кандидатите, си дозволуваа кандидати на други политички партии да ги оценуваат дали се доволно компетентни, дали се доволно стручни. Сметам дека се работи за еден кандидат кој според мене не е компетентен за вршење на оваа функција, сметам дека тука треба да дојде искусен дипломат, човек со богато дипломатско искуство да го организира ова министерство да работи, затоа што сметам дека Министерството за надворешни работи е организирано на многу ниско

III/2

ниво, а не гледам во кандидатот предложен способности за организација на тоа министерство само од една причина, а тоа е тоталното неискуство за таа проблематика и е компетенција за сосема друга струка.

Последно, сметам дека мораме да градиме институции во нашиот демократски систем, да не доаѓа до пречекорување на уставните овластувања на сите субјекти, политички чинители во Македонија од причина што ниту еден политички субјект во Македонија," независно од тоа на која позиција се наоѓа да не може да преговара за работи кои што не му се дадени со Уставот. Факт е дека овде се работи за личност која преговараше за промена на знамето, промена на името, па дури и се објавуваа некои договори во Нова Македонија, колку се вистинити јас незнам, но времето покажува дека држат тие договори што беа објавувани и затоа сметам и кажувам јавно дека нема да гласам за личност која што си ги пречекорила своите уставни овластувања како потпретседател на Владата. Тоа се моите аргументи кои излегов да ги соопштам како пратеник.

На крајот сакам да кажам само уште нешто\. По незнам кој пат овде господинот Црвенковски, премиерот на Владата си дава за право да ги оценува дискусиите на пратениците. Јас не навлегувам во неговата дискусија, сметам дека се што кажа тоа е негово, лично видување, има право на свое видување, но мислам дека никој нема право да дава оценка за дискусиите на пратениците, па дури ни самите пратеници. Тоа во цел свет е така, а најмалку има право некој што не е пратеник да дава оценка за дискусиите на пратениците.

**ГУЛИСТАНА МАРЌОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас морам да го искажам своето задоволство што сепак после еден период од 3 месеци што за овој период на Македонија кога живее еден^ би рекла бурен живот во надворешно политичката сфера сепак РМ ќе добие министер за надворешни работи односно е поставен на дневен ред бидејќи во секоја

една млада и суверена држава, каква што е нашата, а особено во еден бурен период на надворешната политика значајно е некој да има дигнитет на министер, а не само ВД министер, затоа што тоа ги ослабнува и прег варачките позиции лични, меѓутоа и на државата во чие име преговара.

Со оглед на то ашто се работи за една многу значајна функција за мене дури прва до премиерот на Владата, веројатно и Владата и целата јавност треба да биде свесна, без оглед на тоа што се работи за политичка Влада и за кандидат од една политичка партија конкретно од Либералната партија, сепак секаде во светот овие кандидати се кандидати на партнерите во коалицијата, така да веројатно Владата и коалиционите партнери се свесни дека плодовите од успехот или неуспехот на да речеме министерот кој евентуално би бил избран не би бил само плод на успех и неуспех на една партија, туку на целата Владата што го предлага односно на коалиционите партнери. Така да ова е мошне значаен елемент за кој што веројатно и Владата е свесна, меѓутоа и ова Собрание, па и коалиционите партнери кои што треба да гласаат. Ова е период кога веројатно многу неблагодарно, меѓутоа и лошо да се прават некои компаративни вредности помеѓу минатиот и сегашниот, евентуално министер за надворешни работи, меѓутоа сепак јас морам да искажам едно свое размислување кое подолго време го имам особено периодот од 3 месеци. Господинот Денко Малевски беше министер кој- можеби навистина доживеа да биде срушен неговиот морален дигнитет во ова Собрание, меѓутоа тој сепак имаше отворена храброст да зборува за неговите и успеси, меѓутоа и неуспеси на планот на дипломатијата и сите оние, така да кажам лоши перипетии кои што еден министер ги има при своите преговори и можни успеси, тоа е една голема храброст и како човек, меѓутоа и како политичар на една млада држава, меѓутоа би рекла тоа е и еден респект спрема едно Собрание,

кое што заслужува да биде информирано за сите сфери на надворешно политичката дејност со која се бави министерот, бидејќи тука не се работи само за министер на Влада туку се работи за министер на РМ. Она што во овој тромесечен период на мене како граѓанин, да не зборувам за функцијата пратеник која е многу поодговорна и која што врз себе презема товар на се она што се случува во надворешната сфера е дека ние постојано се среќаваме со тоа што работи од средствата за јавно информирање, нашата таканаречена тивка дипломатија. Тоа е веќе е одомакенет израз во  средствата за јавно информирање, и за сите веројатно и тие самите неможејќи да дојдат до точни информации, мораат да го употребуваат овој израз меѓутоа жално е што ние додека сме на ниво на јавна дипломатија веќе за истите тие работи, тајна дипломатија и тивка, за истите тие работи ровари гласно и гласноговорно јавната дипломатија во Грција. И понекогаш се прашувам дали Грчката јавност, дали пратениците на Грчкиот парламент се повеќе вредни, имаат поголема вистина и поголеми права да се борат таму отколку ние и како пратеници.и како граѓани на РМ. Сигурно параметрите се и ваму и таму исти, меѓутоа она што овој Парламент го заслужува за еден тромесечен период, можеби тука сметаше и оној префикс ВД, можеби натаму ќе се подобри, јас би сакал да е така, меѓутоа сепак макар на една затворена седница ова Собрание заслужува да биде информирано, бидејќи не многу мали работи се случуваат на полето на дипломатијата во РМ. Особено што за тоа гласно се говори во сите сфери, во сите земји, се говори во Грција меѓутоа не и во Македонија. Се плашам дека можеби таа тивка дипломатија државава таква каква што е оформена ќе ја однесе, можеби, и во пропаст, јас веќе станувам песимист за одредени работи бидејќи ако можеа некои работи да се слушаат, па дури и делот за промена на името на РМ на ниво на извршната власт, можеби и многу покрупни работи ќе може да се случат, да биде заобиколен Парламентот во сите сфери, како што е заобиколен

па и во ова, а ние да не бидеме информирани, и не учествуваме во поделба на одговорност. Според тоа, мислам барем ако не повеќе, со избор на министер во Владата на РМ Собранието конечно ќе го добие она свое место кое што согласно Уставот го има, пред се да биде информирано и за одредени работи кои што се од клучно влијание за РМ, а мислам дека РМ за овој период ги живее своите судбински моменти, биде не само информирано туку и активно да учествува во градењето на надворешната политика.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа и денес решаваме еден проблем многу важен за иднината на нашата татковина. Незгодно, најискрено велам, ми е да зборувам за човек кој што не го гледам тука. Да зборувавме за оставка и назначување на еден министер на така важна положба, за надворешната политика на нашата земја, во негово отсуство тоа е ми се чини , во другите парламенти така не се случува. Редовно ги следам истапите и во Грција, и во другите балкански држави кога се решава проблем за еден обичен министер, а не за министер од така голема важност кој ќе ја води политиката на државата. Апсолутно ми е незгодно и жалам. Господинот Бранко Црвенковски, претседателот на Владата си го има тоа право, во негово неприсуство да изрази само тој дека е компетентен да решава, нормално со консултации со помошни или ВД министер за негово назначување. Но, многу, многу незгодно е сега да одговара претседателот на Владата во неприсуство на таков министер. Мене ми се чини дека ние со сила во нашите тела во нашите глави ставиме мигрена. Значи, со сила стануваме болни. Таа болест ние не можеме да ја отстраниме не со едно апче, со милиони апчиња и стотици лекари не можат да не излечат. Сами си ставаме главоболка. Јас не знаев до денес на која партија припаѓа господинот Црвенковски. Меѓутоа сега знам дека е во Либералната партија. Ништо ние не можеме да направиме во една таква коалиција, опозицијата да ја руши Владата или пак со нашите сили

III/6

да не  дозволиме да дојде Стево Црвенковски. Господинот Стево Црвенковски како министер на надворешните работи- Претходниот дискутант, госпоѓата Марковска кажа некои работи, некои зборови, за кои навистина ние треба добро да размислиме. Најгласни кои требаше да бидат? Најгласни требаше да бидеме ние а не Грците и незнам кој народ, затоа што ние сега ја правиме државата. НИКОЈ немаше право да ни го зема името да ни го зема знамето да ни ја зема главата. Никој. Колку беа способни и колку е способен овој министер, мене ми се чини дека на овие простори има и луѓе многу, многу што може да придонесат, не сакам да го критикувам, нека ми извини, сакам да кажам за доброто, за признавањето и да дадат се од себеси затоа што се поспособни за интегритетот и за нашето присуство надвор од овие простори. Неискусен политичар знам тука ќе ставам една запирка, Стево Црвенковски не работи сам. Знам дека околу него е цел еден штаб. Но, тој штаб сега е способен да ја води политиката и да успее сешто бара оваа држава јас незнам. Незнам јас и не верувам затоа што коалицијата е разнолика. Според моите видувања не може Стево Црвенковски да се снајде , иако" е тој штаб околу него затоа што има едно видување на повеќе од се. Дали ќе имаме доволно гласови да го ставиме овој министер. И кога повеќе се занимава со гласањето на еден министер отколку со надворешната политика тогаш тука дами и господа ние сами се клизаме. Не ни е крив ни гркот ни бугаринот ни србинот ни албанецот ни никој, сами сме си виновни.

Една забелешка од моја страна . Кога се води една таква дебата во Парламентот министерот за надворешни работи треба да биде присутен и во секој момент да одговара на сите прашања што ќе му ги постават пратениците. Министерот не е тука. Министерот отсуствува. Неговата судбина треба да ја кренат 61 глас и тие ќе ги имате и тој ќе си остане. Залудни ќе бидат и Љупчо Георгиевски и на Митко Анастасовски и на госпоѓата пратеничка независна, и на Бранко, претседател на Владата и

незнам на кои други , залудни ќе бидат сите забелешки Итн. итн. Јавност е најголемиот судија. Нашата јавност не се информира. Некое новинарче што има малку повеќе храброст ќе напише некоја статија поопширна а утре ќе му се скрши перцето и ќе го снема. И ќе кажам една вистина. Значи, информациите за нашата надворешна политика не е јавна , а тоа можеби е голема кривица зошто нашиот човек, во нашите простори не треба да знае се што се случува надвор од парламентот, надвор од нашата држава и се што се говори. Значи нешто се работи скриено. Кога ќе дојде во јавноста или ние тука ќе направиме кавга, или пак разочаран нашиот човек ќе си легне вечерта и ќе си рече исто пак исто. Значи не е информиран правилно. Тоа е грешка на Министерството за надворешни работи и на Министерството за информации.

Еден од пратениците рече дали ние водиме тајна , политика и со Грција. Ако така се води политика, зад грбот на овој народ тогаш ние навистина не сме достојни како пратеници да седиме во ова Собрание. Зад грбот на овој народ, зад грбот на сите наши луѓе кои живеат во оваа држава не смее да се води тајна политика. Ќе се води јавна политика. Јавна политика како што ја води гркот внатре во Парламентот. Ние сме вакви по природа, ќе почне, ќе заврши. Нека се искажат, можеби ќе сакаат уште еднаш, но нема ни да станат ни да зборуваат. Ние сме интересни луѓе се плашиме од комшијата. Мајката. Треба да ни каже тој дали треба да го носиме ова знаме или овој грб и дали треба или не треба. Ние за тоа треба да бидеме достоинствени сите. Името никој не може да ни го смени. Знамето кое е олицотворение на нашата држава не смее никој да го смени. Грбот го немаме сеуште, но за тоа сме си криви и самите и тука имаме еден минус, дури и во ООН каде што сме примени под едно име, за кое велиме дека утре ќе се смени но за тоа утре не знаеме дали така ќе биде. Тоа зависи и од многу надворешни фактори, меѓутоа ние треба да бидеме настојчиви за да ни поверува светот дека ние сме присутни во просторите на светот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (Продолжение)

Консултации нормално треба да се вршат. Колку е моќна коалицијата да врши консултации, пак ќе,се вратам на второто прашање кое го имав забележано, јас незнам колку ќе трае таа коалиција затоа што некако работите ни изгледаат не само што не успеавме на надворешен план, туку не успеавме и на внатрешната политика наша со коалицијата. Ние, свесно или несвесно тоа го правиме.

За да биде постабилна влада треба да биде стабилен парламент. Со такви сили во Парламентот ми се чини дека апсолутно не можеме да имаме стабилна и јака влада. Надворешната политика не се крои во просториите на еден човек. Надворешната политика се крои од цела надворешна елита и од целиот Парламент. Добро,тоа се случува во држави кои се еднолики, но тоа кај нас и во еден друг парламент ќе се случуваат такви аномалии.

Како ги имам моите видувања за утре, не како пророк, не дај боже. Како ја гледам иднината и работата на овој Парламент? Секој ќе се излаже и секој се лаже што ќе рече дека море, утре ќе дојдат најпаметните. Нема непаметен и попаметен пратеник. Може да има побогат пратеник и посиромав пратеник. Нема пратеник кој ќе каже јас ја сакам повеќе оваа држава или другиот ја сака помалку. Треба да ја сакаме еднакво. Добро јас можеби ја сакам малку повеќе од тој што рече, како не. Меѓутоа, тоа не е праведно и правилно. И како да правиме пак не можеме да дојдеме до едноличие. Знаете кога се прави едноличие во еден парламент, како што до сега беше 50 години еден го имаше стапот другите го јадеа ќотекот. Еден ќе кренеше рака, сите ќе кренеа рака и тука еден човек ја решаваше судбината. Не дај боже такво нешто да се повтори.

Имаме една друга болест, детска болест, имам читано една книга ние имаме детска болест. Ако некој е поспособен човек тогаш или ќе му извадиме едно око, па да го води некој или двете, па да го ставиме на мостот да проси. Или ќе го оддалечиме одуместото кое го има. Таа наша болест е кај македонецот.

Дали сега господинот претседател ќе ја реши самиот/судбината на овој Парламент мене, господин претседателе, не ми се верува. Сега нормално опозицијата не може да гласа за господинот, јас јавно го кажувам за господинот Црвенковски Стефан затоа што не ја исполни волјата не само на опозицијата, но не ја исполни волјата и барањата на македонскиот народ. Нема пазарење во политиката, може да има пазарење во политиката доколку државата е јака, кога државата ги има обележјата, кога државата ги има симболите каде што се претставува. Оттука ни еден милиметар поназад. Е сега тука министерот му се даваат можности за подолг хоризонт за надворешна- политика-и на економски - и на политички план, но сега кога ги немаме тие и кога утре треба да смениме мајката, да се речеме Скопска Република, да се речеме Нова Македонија да ни каже ќе се викаме така. тоа поаво го нема министерот за надворешни работи. И за обележјата.

Јас ви благодарам и се надевам дека ме разбравте.

Поминав по патот каде што одеше дедо ти (му се обраќа на Бранко Црвенковски) и дедо ми врзани за Мала Азија и ќе се држиме само за Македонија, ќе се држиме само за државата која со векови стоеше и треба да стои, ќе ни треба јак министер кој ќе ја води правилно политиката во светот на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван господине претседателе на Владата.

Ни најмалку немам намера да зборувам на денешната седница, меѓутоа, слушајќи одредени дискусии, станав како немирен дух да кажам нешто околу своето размислување за проблемите кои беа искажани овде на адреса на позицијата односно опозицијата, па би сакал да кажам неколку збора.

Најверојатно познато е на секој еден граѓанин на Земјината топка дека нема друго средство освен дипломатијата која служи и ќе служи за разбирање меѓу народите, меѓу земјите. Ние овде во овој парламент немаме разбирање меѓу нас, па макар да тие предлози доаѓаат и од оваа лева страна да речам од опозицијата.

Ако тие предлози се преточат во предлози на парламентот, веројатно можеби ќе дојде до тоа да опозицијата пак гласа против заради тоа што е прифатено и од страна на позицијата. Можеби и тоа ќе се случи еден ден.

Дали имаме слога во Република Македонија, дали Македонија има слога, дали воопшто македонците имаат слога, па ние има- ме два конгреса во светот воопшто не треба да се води кој треба да биде конгресот дали овој што го води незнам кој или оној другиот незнам кој. Познати се личностите. Значи, од тој синдром ние патиме и тоа е тоа што е присутно денеска и вчера и завчера и што ќе биде присутно овде во нашето Собрание. Не треба многу да не боли глава од тоа, меѓутоа, факт е дека ние влеговме во Обединетите нации. Влеговме онака како што влеговме на широки врати, влеговме со не наше име, со некое име што е бивша југословенска република  со одреден временски период од два

месеци. Тоа не го кажавме ние тоа го кажаа таму тие во Обединетите нации асамблеата, ако се сеќавате. Сигурно никому не му е драго да биде така. Меѓутоа, сите се сеќавате дека од неодамна господинот Бутрос Бутрос Гали, генералниот секретар на Обединетите нации кажа дека го продолжува мандатот н комисијата да преговара со Република Македонија , Грција и Македонија Зарем не сме свесни што значи тоа, па сега напаѓаме овој или оној. Ова не е напад, да се разбереме, јас ВМРО-ДПМНЕ ја ценам има Влада во сенка. Незнам кој е таму министер за надворешни работи во сенка, ако него го ставиме да се пече на сонце, да речеме, да биде министер дали тој веднаш ќе успее со грците или со не знам кој. Да не се лажеме ниту себе си да се лажеме ниту народот да го лажеме. Прашањето е толку интересно, толку е од голема важност за ова подрачје, за оваа крстосница на Балканот  на Европа што може се да издигне, па толку ли не сме моќни да се надминеме себе си и да знаеме дека тоа е тоа или пак да речеме му замераме на господинот Црвенковски Стево што не е незнам каков ораторораторис, па кога ќе излезе овде како билбилче да пее, па тогаш ќе му признаеме дека е добар. Способноста не се гледа и на било кој човек во тоа , треба нешто друго во она што *гој застапува како теза ние како "владеачка" позиција како се договараме така правиме. Таа политика на признавање на Република Македонија влегува и во ЌЕБС и сите дури ги институции на Европа. Ние сме кроеле овде во овој парламент , а не надвор од парламентот и зошто се критикуваме. Овде се зборува за предвремени избори, нема предвремени избори господа додека пописот не биде завршен и тие што се надвор од паралелниот и тие што сме во парламентот има време за размислување околу тоа. Сигурно има многу по паманет од тие што се на власт , од тие што се во Владата по паметни и надвор од парламентот сигурно има, меѓутоа, нека чекаат, кој чека ќе дочека. Можеби некој ден ќе дојдат многу попаметни и ќе направат

многу за оваа Македонија и ние ќе уживаме во тој благодет. Што убаво ми се смеат колегите, им завидувам што се смеат така, но тоа е вистина нели. (Им се обраќа на пратениците од првиот ред).

Но би сакал ЛЅ заклучам , па не ве замолам многу, предлозите што се дадени овде дали некој ги прифаќа или не, дали става крст, што се вели на тие предлози и вината за не влегувањето во ЌЕБС , затоа имаме специјален статус и во ЌЕБС и во Европскиот парламент и во Европскиот Совет. Ние присуствуваме таму, живи сме тоа значи лека полека ни се отвораат вратите. Меѓутоа, ние мораме да се вратиме назад во овој парламент овде во нашата држава, ние мораме/ да се преиспитаме себеси овде што е тоа што не можеме да влеземе во ЌЕБС. Дали навистина има нешто за решавање, по се изгледа има нешто за решавање и треба да седнеме тука да видиме што е, па потоа ќе одиме и таму, заради тоа што државите веќе ни замераат. Еден амбасадор од Шведска кој ја водеше седумчлената делегација репоретерска или како се викаше таа мисија рече вака. Се е во ред господин Абди, меѓутоа по пат, на консензус се влегува во ЌЕБС . Еден да крене рака против нема консензус, нема општа согласност, па затоа немој- те да ја барате вината кој знае каде. Ајде прво себе си да се видиме овде, па веројатно ќе дојдеме до подобри решенија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Ќе направам само две три забелешки во врска со оваа измена односно реконструкција на Владата со тоа што би го поврзал пред, јас се повлеков од дискусијата кога во моментот се рече дека нас не признаа не, туку не примија. Признавање и примање е друго. Ти можеш да дојдеш

на гости кај мене, но јас дали ќе те признам тоа е сосема друго прашање. Кога се рече дека не примија, а не не признаа и не сме признати и се рече дека за два месеци, јас од оваа говорница ја свртев дискусијата, наместо да дискутирам за тоа реков јас сум првиот што ќе станам и еве дојде време да го речам после два месеци ако ние успееме да го вратиме вистинското име Република Македонија а не Бивша Југословенска. Еве го тоа истото се оствари и не ^а два туку за осум месеци да го вратиме така го продолжувам тој рок не за два туку за осум месеци, што значи дека ние изманипулиравме со македонскиот народ и рековме дека не признаа секаде а уствари ние си велиме самите дома така. Добро, како да е тоа е.

Ако толку се гледа на способноста на реконструкцијата и изборот, јас се прашувам ако толку е способен и големите заслуги за признавањето на Македонија дека не е никаде призната од господинот Стево Црвенковски зошто го деградирате од потпретседател на Влада во министер. Тоа значи по мене е неспособен да биде потпретседател оти е поголема функцијата и го тераме на помала функција па таму ќе му диктираме и напишеме тоа ќе читаш таму. По мое мислење тоа изгледа така, а о^ друга страна ми изгледа дека коалиционите партии веќе попушти СДСМ пред Реформските сили со тоа што дозволи, бидејќи опасноста е од неа и дозволи дури не само потпретседателското туку изгуби и министерско место. До вчера до Денко Малевски тоа беше на чело со комунистичката партија, а сега го отстапи со цел да остане Владата да не се растури и по ред ќе ги изгубиме сите министерства само да останеме на влада и еве сега што се случува реформистите ја извојуваа својата политика, им го зедоа редот на комунистите и постепено им ги земаат местата. (Аплауз од страна на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ).

Тоа го гледам сега со нивната сила и пред законот за трансформација кога ни еден не сакаше да попушти на еден амандман а кога видоа страв и оган под петиците веднаш попуштија и признаа а тогаш велеа никако ние ќе се повлечеме ако се признае, не да се признае туку и рацете му ги бакнаа само да се остане. Ми се чини добро е вака нека оди значи се разбива јаремот.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Минуваме на гласање.

Собранието избира министри со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Ве молам повикајте ги сите пратеници да влезат во салата да учествуваат во гласањето.

Молам повикајте ги сите пратеници да влезат во салата.

Тогаш пауза од 5 минути.

Но, нека влезат сите пратеници .

Уште еднаш обрнувам внимание Собранието избира министри со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Според тоа - министер е избран оној кој добил најмалку 61 глас.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

(Пратениците бараат од претседателот да им објасни за што да гласаат.)

Тоа го прочитавте, тоа е формулирано во дневниот ред, се знае .

Молам, Избор на плен на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за односи со странство и предлог за разрешување на потпретседател на Владата на Република Македонија, Стево Црвенковски.

Кој е за молам да крене рака? (65) (Аплауз)

Дали е некој против? (22)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Господинот Флоровски бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас се извинувам господа, бидејќи се сомневам во гласањето барам поединечно да се гласа.

Имам поддршка од десет пратеника.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали има 10 пратеници кои бараат поединечно гласање? (Има)

Го молам секретарот да изврши прозивка за поединечно гласање на пратениците.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата и да учествуваат во гласањето.

V/1/jj/см

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | не е тука |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | против |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | воздржан |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | против |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | воздржан |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | против |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | против |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | против |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

V/2.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | за |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | не е тука |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | против |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШО | за |
| 44. ТАШКО КИРОВ | против |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | против |
| 45.КИРИЛ КОВАЧЕВСЌИ | против |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | за |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 49. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 50. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | воздржан |
| 51. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | против |
| 52. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | против |
| 53. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 54. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | не е тука |
| 55. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | против |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | за |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | против |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

V/3.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | за |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | за |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | против |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | против |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСЌИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌИ | не е тука |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | против |
| 100. ЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИР | за |

V/4.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | против |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСК | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | за |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | не е тука |
| ГОРГИ КОТЕВСКИ | против |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 93 пратеници.

65 пратеници гласале за. 24 пратеници гласале против.

4 пратеници се воздржале од гласање.

Констатирам дека Стево Црвенковски е избран за член на Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за односи со странство и е разрешен од функцијата потпретседател на Владата на Република Македонија.

Ве молам повикајте ги сите пратеници да дојдат во салата, ќе продолжиме со расправата.

Минуваме на **точката 2** - Избор на потпретседател на Владата на Република Македонија.

Предлогот на претседателот на Владата ви е поделен и изборот на потпретседател на Владата се врши со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. Молам, сите пратеници да дојдат да учествуваат во гласањето.

Предлогот за избор на потпретседател на Владата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

65 пратеници гласаа за. Дали некој е против? (11) .

Дали некој се воздржува од гласање? (10 пратеници).

Констатирам дека Ристо Иванов е избран за потпретседател на Владата на Република Македонија (Аплауз).

Предлагам да работиме уште половина час и да завршиме за денес зашто после се неподносливи условите во салата.

Минуваме на **<u>точката 22</u>** - <u>Предлози на одлуки за основање на заводи за здравствена заштита во Скопје, Охрид, Куманово, Штип, Прилеп,Кочани, Струмица, Битола, Титов Велес и Тетово.</u>

Предлозите на одлуките и извештаите на Комисијата за здравство и на Законодавно – правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по предлогот на одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Скопје.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката.

Комисијата за здравство поднесе амандман на насловот на Предлогот на одлуката со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот и Предлог на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (66 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Заводот за здравствена заштита во Скопје.

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Охрид.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за здравство поднесе амандмани на Насловот на предлогот на одлуката со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

63 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Охрид.

Отворам општ претрес по предлогот на одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Куманово.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за здравство поднесе амандман на насловот на предлогот на одлуката со која се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака).

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

60 пратеници гласаа за. Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за. основање

Завод за здравствена заштита во Куманово. /

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Штип. Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за здравство поднесе амандман на насловот на Предлогот на одлуката со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака? (54)

Дали е некој против? (Никој)

Дали е некој воздржан? (3)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на завод за Здравствена заштита во Штип.

Отворам општ претрес по предлогот на одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Прилеп

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за здравство поднесе амандман на насловот на Предлогот на одлуката со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање. /

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака? (58 пратеници)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на завод за Здравствена заштита во Прилеп.

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Кочани.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за здравство поднесе амандман на насловот на Предлогот на одлуката со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака? (61 пратеник)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на завод за Здравствена заштита во Кочани.

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Струмица.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за здравство поднесе амандман на насловот на Предлогот на одлуката со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

(62 пратеници)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници) Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на завод за Здравствена заштита во Струмица.

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Битола.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за здравство поднесе амандман на насловот на Предлогот на одлуката со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот п^;- текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

(67 пратеници )

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на завод за Здравствена заштита во Битола.

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Титов Велес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за здравство поднесе амандман на насловот на Предлогот на одлуката со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

Дали е некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на завод за Здравствена заштита во Титов Велес.

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката за основање на завод за здравствена заштита во Тетово.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.'

Комисијата за здравство поднесе амандман на насловот на Предлогот на одлуката со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

(69 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на завод за Здравствена заштита во Тетово.

Не можеме да одиме на пауза, но можеме да направиме поголема пауза од 24 часа, па утре од 10 часот да продолжиме.

Уште еднаш им честитам на новоизбраните членови на Владата, потпретседателот и министерот за надворешни работи.

( Седницата со работа прекина во 15,45 часот).